Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 07.09.2024

Денеска (07.09.2024) во 02.00 часот во угостителски објект во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.К.Х.(29) од Германија, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (07.09.2024) во 01.00 часот на Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода С.Д.(27) од Кратово, поради тоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (07.09.2024) во 00.20 часот во Скопје, пред угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода С.И.(41) од Скопје, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.09.2024 во 23.15 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода К.А.П.(42) од Украина, а со престој во Бугарија, поради тоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.09.2024 во 18.00 часот во дворот на болницата во Прилеп приведени се М.Н, А.Х.и Х.П. сите од Прилеп, затоа што кај М.Н.(20) била пронајдена марихуана. Лицата се приведени во полициска станица Прилеп и по документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.09.2024 во 22.50 часот во Скопје, на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(20) од Скопје, поради тоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана, бела грутеста материја и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.09.2024 во 14.50 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода К.А.Ј.Б.(49) од Шведска, поради тоа што при извршени проверки во оперативна евиденција било констатирано дека патничкото возило „порше кајен" со шведски национални ознаки, кое тој го управувал, а било сопственост на лизинг компанија, было предмет на потрага од Интерпол – Шведска. Тој бил предаден на полициски службеници во СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 06.09.2024 во 15.45 часот во СВР Скопје било приведено дека на крстосницата од бул.„Никола Карев" и сервисна улица која ги поврзува бул.„Никола Карев" и ул."Прохор Пчињски" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Љ.Ш.(36) и мотоцикл со скопски регистарски ознаки, управуван од Ф.С.(20), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.09.2024 во 12.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Васил Главинов" со ул.„Максим Горки" во Скопје патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Б.(63) удрило во П.Х.(73) двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила П.Х., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.09.2024 во 23.50 часот во СВР Струмица било пријавено дека на крстосницата од бул.„Ленинова" со бул.„Маршал Тито" во Струмица се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „јамаха" без регистарски ознаки, управуван од Р.У.(18) и патничко возило „фолксваген бора" со струмички регистарски ознаки, управувано од М.Х.(60) двајцата од Струмица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, а со телесни повреди се здобила неговата малолетна сопатничка од Скопје, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

На 06.09.2024 во 13.40 часот во Полициската станица Горче Петров, С.Х.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Горче Петров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 06.09.2024 во 14.40 часот во Полициската станица Бит Пазар, Р.Ш.(22) од Скопје пријавил дека на ул.„Никола Малешевски" во Скопје бил каснат од куче.

На 06.09.2024 во 19.30 часот во Полициската станица Аеродром, Т.И.(78) од Скопје пријавила дека на бул.„Видое Смилевски-Бато" во Скопје била касната од куче скитник.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава до ОЈО Кочани против Ѓ.Б. (32) и Љ.С. (48), двајцата од Кочани поради основи на сомнение за сторено кривично дело убиство.

На 06.09.2024 во 7.43 часот Ѓ.Б. пријавил во ОВР Кочани дека во дом во Кочани го пронашол мртов неговиот сосед Д.А. (54) од Кочани. Од страна на екипа од Итна медицинска помош била констатирана смрт со видливи траги на насилство, а од страна на ОВР Кочани во координација со јавен обвинител од ОЈО Кочани веднаш се преземени мерки и активности за расчистување на случајот. При тоа, во службен разговор Љ.С. признал дека Ѓ.Б. и Љ.С. претходната вечер биле во домот на невиниот сосед Д.А. и консумирале алкохол, по што настанала расправија и го удирале Д.А. со тврди предмети. Ѓ.Б. и Љ.С. се лишени од слобода и со кривична пријава предадени на ОЈО Кочани за понатамошно постапување.

На 07.09.2024 во 02.40 часот во Велес полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода З.С.(37) од село Оморани, општина Чашка, поради основи на сомневање дека со употреба на сила влегол во објект на улица „Коле Донков" во Велес, и одзел пари. З.С. бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.09.2024 во 09.45 часот во Неготино полициски службеници за криминалистички работи од ОВР Неготино го лишиле од слобода С.Н.(49) од Неготино. Со наредба од Основен суд Кавадарци полициските службеници за криминалистички работи од ОВР Неготино и ОВР Кавадарци извршиле претрес во неговиот дом во Неготино и во село Бојанчиште, кавадречко, при што биле пронајдени и одземени два карабини „заставa", кои си поседувал без соодветна дозвола, две машинки за изработка на ловни патрони, две машинки за ставање и извлекување на иницијални капсули, комплетна опрема за изработка на ловни патрони, ловни патрони, куршуми и пиротехники средстви. С.Н. бил приведен во полициската станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.09.2024 во 22.10 часот полициски службеници од СВР Тетово на улица „Илинденска" во Тетово го лишиле од слобода О.И.(33) од тетовско Желино, кај кого при преглед била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (07.09.2024) во 06.40 часот полициски службеници од СВР Струмица-ОВР Радовиш го лишија од слобода Е.З.(19) од село Бучин, радовишко. При претрес на неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдена околу 800 грама марихуана. Лицето било задржано во Полициската станица Радовиш, за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по документирање на случајот против Е.З. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.09.2024 во 23.45 часот, на улицата „Гоце Делчев" во Охрид, полициски службеници го приведоа А.Ј.(20) од Охрид. При извршен преглед, кај него е пронајдена и одземена марихуана и еден гренџер со остатоци од марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.09.2024 година во 11.40 часот, полициски службеници од полициската станица за гранично премин „Блато", кај месноста „Клобучишки пат - Табла" во близина на Дебар, го приведоа Б.Х. (24) од Пешкопеја-Република Албанија, кој бил затекнат при обид за илегален премин на македонско-албанската граница. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (07.09.2024) во 02.00 часот во угостителски објект во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Џ.Б.К.(33) од Велика Британија, а со престој во Германија, поради тоа што спречувал полициски службеници додека извршуваше службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.09.2024 во 16.30 часот во СВР Скопје, Б.С.(40) од Скопје пријавила дека околу 12.00 часот во службена просторија од основно училиште на подрачјето на Шуто Оризари каде ги вршела нејзините работни задачи како директор, тропа вработени, по претпазна расправија околу прераспределување, упатувајќи закани кон нея и нејзиниот семејство. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (07.09.2024) во 02.40 часот полициски службеници од Полициската станица Центар, лишиле од слобода тројца малолетници од Скопје, Крива Паланка и Струмица поради постоење основи на сомнение дека во Градскиот парк во Скопје физички го нападале Б.С.(22) од Скопје и притоа со остар предмет му нанеле повреда. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.09.2024 во 19.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Варвара-скопско настанал пожар во викендица, во сопственост на В.М.(72) од Скопје. Од Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат. Повредени лица нема.

На 06.09.2024 во 20.20 часот во СВР Скопје, било пријавено дека околу 16.50 часот во средно училиште на подрачјето на општина Аеродром, ученик во службени простории агресивно се однесувал кон вработените во училиштето и им упатувал закани, по што иштетил и дел од инвентарот. Известен бил јавен обвинител за малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (07.09.2024) во 00.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Драчево, во двор од семејна куќа на К.К.(30) од Скопје, настанал пожар во неговото патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки. Од Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.09.2024 во 18.00 часот во СВР Скопје, С.С.(50) од Скопје пријавил дека во казино на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од четири лица, кои, според пријавеното, работеле како обезбедувања во објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.09.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во село Шишево-скопско, по претходна вербална расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Ѓ.(23) и Р.Ѓ.(43), двајцата од село Шишево. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 06.09.2024 во 23.40 часот во СВР Скопје, Д.Т.(36) пријавил дека во с.Марино-скопско бил физички нападнат со тврд предмет од А.Т.(39), двајцата од с.Марино. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (07.09.2024) во СВР Скопје, М.К.(66) од Скопје пријавила дека околу 05:40 часот на подрачјето на Центар во Скопје, едно лице со употреба на физичка сила и одзело ранец со паричник со лични документи, пари и други лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.09.2024 во 20.15 часот во ПО Жеровјане З.Р.(59) од тетовско Милетино пријавил дека околу 21.30 во селото бил каснат од куче скитник.

На 06.09.2024 околу 19.20 часот патничко моторно возило „волво" со српски регистерски таблички во близина на наплатната станица Романовце, во правец кон Куманово, не застанало на даден знак од страна на полициски службеници од Мобилната единица за компензатори мерки при Одделот за гранични работи и миграции и се дало во бегство, по што на клучка Куманово возилото излетало од патот. Возачот се одвалил од местото на настанот, а во возилото се пронајдени двајца малолетни мигранти од Сирија. Известен е јавен обвинител од ОЈО за ГОКК и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.09.2024 во 13.30 во СВР Скопје, Ф.Д.(80) од Скопје пријавила дека во 11.55 часот во влез на станбена зграда на подрачјето на Карпош, едно лице со употреба на физичка сила и одзело паричник, во кој имало пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.09.2024 во 22.10 часот во Полициската станица Гази Баба, М.П.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Перо Наков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 06.09.2024 во 22.40 часот во СВР Куманово, маж од кумановско село пријавил дека на 05.09.2024 околу 21.30 часот во Куманово Г.„Н" од Скопје извршил обљуба врз неговата 16-годишна керка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (07.09.2024) во 02.00 часот во СВР Куманово, Д.П.(24) од Куманово, пријавил дека на 03.09.2024 околу 16.50 часот додека бил на своето работно место, пред угостителски објект во Куманово, бил физички нападнат од Б.Ј.(36) , М.В. и Ф.„Н", а потоа пријавителот со тврд предмет го нападнал Б.Ј. Исто така, Б.Ј.(36) од Куманово пријавил дека додека извршувал службени дејствија со свои колеги, вработени во агенција за обезбедување, тој и негов колега биле физички нападнати со тврди предмети од неколку лица меѓу кои бил и Д.П.(24) од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.09.2024 во 01.10 часот во СВР Куманово, А.Х. од Куманово пријавил дека околу 00.00 часот на бензинска пумпа во Куманово бил физички нападнат од Б.Л. од Кратово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.09.2024 во 22.55 часот во Полициската станица Крива Паланка Е.П.(21) од Крива Паланка пријавил дека пред угостителски објект во Крива Паланка бил физички нападнат од А.В.(30) од село Коноопница, кривопаланечко. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет